# Народна банка на Република Македонија

ДИРЕКЦИЈА ЗА СТАТИСТИКА

И бр.8

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на третиот квартал од 2017 година

декември 2017 година

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на третиот квартал од 2017 година

**Бруто надворешниот долг** изнесува 7.710 милиони евра на крајот на третиот квартал од 2017 година и во споредба со состојбата на крајот на претходниот квартал е намален за 77 милиони евра, од кои 46 милиони евра е намалување на приватниот долг, додека 31 милион евра на јавниот долг. На крајот на третиот квартал **бруто надворешните побарувања** изнесуваат 4.764 милиони евра и бележат квартално намалување за 14 милиони евра, при намалени јавни побарувања за 103 милиони евра, наспроти зголемените приватни побарување за 90 милиони евра. Следствено, **нето надворешниот долг** е намален за 63 милиони евра во третиот квартал од 2017 година и изнесува 2.946 милиони евра.

**Во однос на крајот на 2016 година**, на крајот на септември 2017 година бруто надворешниот долг е повисок за 494 милиони евра, при истовремен раст на јавниот и приватниот надворешен долг. Притоа, долгот врз основа на репо-трансакциите коишто ги извршува Народната банка во рамки на управувањето со девизните резерви[1] бележи зголемување од 305 милиони евра. Доколку се исклучи нивниот ефект, бруто надворешниот долг од почетокот на годината е зголемен за 189 милиони евра. Бруто надворешните побарувања се повисоки за 177 милиони евра. Без ефектот од активностите на централната банка поврзани со управување со девизните резерви[2], бруто надворешните побарувања се намалени за 129 милиони евра. На нето-основа, од почетокот на годината надворешниот долг е зголемен за 317 милиони евра.

Во текот на третиот квартал од 2017 година негативната **нето меѓународна инвестициска позиција** е намалена за 76 милиони евра, што во поголем дел произлегува од падот регистриран кај нето надворешниот долг (за 63 милиони евра) и во помал дел од намалените нето-обврски врз основа на сопственички инструменти (за 13 милиони евра). Со тоа, на крајот на третиот квартал на 2017 година, негативната МИП, нето изнесува 5.971 милион евра, или 58,5% од проектираниот БДП за 2017 година. И натаму, најголем дел (78%) од овој износ се нето-обврски врз основа на директни инвестиции, од кои 74% се врз основа на сопственички капитал.

[1] При склучувањето на репо-трансакциите се создаваат обврски (класифицирани под категоријата „заеми") коишто придонесуваат за зголемување на нивото на бруто-долгот. Истовремено, при склучувањето обратни репо-договори, создадените побарувања придонесуваат за зголемување на бруто-побарувањата. НБРМ врши истовремено врзано склучување репо и обратни репо-договори, во речиси идентични износи. Гледано во целина, бидејќи се склучуваат истовремено, овие трансакции имаат неутрален ефект на нето-основа, односно се јавуваат во речиси идентичен износ и на страната на обврските и на страната на побарувањата, поради што не се одразуваат на вкупниот нето надворешен долг.

[2] Обратни репо-трансакции.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на третиот квартал од 2017 година

## Надворешна задолженост и меѓународна инвестициска позиција на Република Македонија

| | 31.12.2016 | | 30.06.2017 | | 30.09.2017 | | квартална промена | | | промена во однос на крај на претходна година | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % БДП | мил. евра | % | п.п. | мил. евра | % | п.п. |
| **Бруто надворешен долг** | **7,216.6** | **74.2** | **7,786.8** | **76.2** | **7,710.2** | **75.5** | **-76.6** | **-1.0** | **-0.7** | **493.6** | **6.8** | **1.3** |
| ***Бруто надворешен долг без репо*** | ***7,216.6*** | ***74.2*** | ***7,534.2*** | ***73.8*** | ***7,405.6*** | ***72.5*** | **-128.7** | **-1.7** | **-1.3** | **189.0** | **2.6** | **-1.7** |
| Долгорочен долг | 5,633.9 | 57.9 | 5,733.1 | 56.1 | 5,607.6 | 54.9 | -125.5 | -2.2 | **-1.2** | -26.3 | -0.5 | **-3.0** |
| Краткорочен долг | 1,582.7 | 16.3 | 2,053.7 | 20.1 | 2,102.6 | 20.6 | 49.0 | 2.4 | **0.5** | 520.0 | 32.9 | **4.3** |
| Јавен долг | 3,445.3 | 35.4 | 3,741.0 | 36.6 | 3,710.6 | 36.3 | -30.4 | -0.8 | **-0.3** | 265.2 | 7.7 | **0.9** |
| Приватен долг | 3,771.2 | 38.8 | 4,045.8 | 39.6 | 3,999.7 | 39.2 | -46.1 | -1.1 | **-0.5** | 228.4 | 6.1 | **0.4** |
| **Бруто надворешни побарувања** | **4,587.0** | **47.2** | **4,777.6** | **46.8** | **4,764.0** | **46.6** | **-13.6** | **-0.3** | **-0.1** | **177.0** | **3.9** | **-0.5** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | ***4,587.0*** | ***47.2*** | ***4,497.5*** | ***44.0*** | ***4,458.3*** | ***43.7*** | **-39.2** | **-0.9** | **-0.4** | **-128.6** | **-2.8** | **-3.5** |
| **Нето надворешен долг** | **2,629.6** | **27.05** | **3,009.2** | **29.5** | **2,946.3** | **28.8** | **-63.0** | **-2.1** | **-0.6** | **316.7** | **12.0** | **1.8** |
| **МИП, нето** | **-5,576.0** | **-57.3** | **-6,047.3** | **-59.2** | **-5,971.0** | **-58.5** | **76.2** | **-1.3** | **0.7** | **-395.1** | **7.1** | **-1.1** |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2016 година е претходен (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 29.9.2017 година). Податокот за 2017 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ, ДЗС.




Извор: НБРМ.

На крајот на третиот квартал од 2017 година бруто надворешниот долг достигна 7.710 милиони евра, или 75,5% од проектираниот БДП за оваа година, при квартално намалување на обврските од 77 милиони евра (или 1%).

Во однос на крајот на 2016 година, бруто надворешниот долг е повисок за 494 милиони евра (или 6,8%).




Извор: НБРМ.

Во структурата на бруто надворешниот долг и понатаму преовладува приватниот надворешен долг (со учество од 51,9%).




Извор: НБРМ.

Рочната структура на бруто долгот е поволна, со доминантно учество на долгорочниот во вкупниот бруто надворешен долг (72,7%).




Извор: НБРМ.

Од аспект на секторската структура на бруто надворешниот долг, главен носител на надворешната задолженост е секторот „држава", со учество од 32,7%, додека останатите сектори и капитално поврзаните субјекти се изедначија според учеството во вкупниот долг (27,6%). По нив следуваат депозитните институции (7,2%) и централната банка (5 %).




Извор: НБРМ.

Од аспект на застапеноста на одделните видови финансиски инструменти, заемите остануваат доминантни, иако нивното учество во вкупниот надворешен долг благо опаѓа (59,1%). Потоа следуваат трговските кредити и должничките хартии од вредност, со учество од 20,1% и 17,6%, соодветно.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на третиот квартал од 2017 година




Извор: НБРМ.

Валутната структура на обврските врз основа на заеми останува релативно стабилна, при што и натаму најголем дел од овие обврски (80,2%) се деноминирани во евра.




Извор: НБРМ.

Кварталното намалување на бруто надворешниот долг (за 77 милиони евра) се должи на падот и кај приватниот долг и кај јавниот долг (за 46 и 31 милиони евра, соодветно). Притоа доколку се исклучи ефектот од репо-трансакциите на централната банка, јавниот долг во овој период е намален за 83 милиони евра, а бруто надворешниот долг за 129 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Кварталното намалување на јавниот надворешен долг е резултат на намалувањето на долгот на државата (за 73 милиони евра) и долгот на јавните банки и јавните претпријатија (за 8 милиони евра). Наспроти ова, долгот на централната банка во овој квартал е зголемен (за 50 милиони евра, во целост врз основа на активностите за управување со девизните резерви).




Извор: НБРМ.

Намалувањето на приватниот надворешен долг во третиот квартал од 2017 година произлегува од приватните банки (47 милиона евра) и капитално поврзаните субјекти (23 милиони евра), во услови на зголемен долг на небанкарскиот приватен сектор (24 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Анализирано по институционални сектори, носител на кварталното намалување на вкупната надворешна задолженост е секторот „држава“ (73 милиони евра), по што следуваат депозитните институции и капитално поврзаните субјекти (57 и 23 милиони евра, соодветно), што само делумно беше нетирано од зголемените обврски на централната банка и останатите сектори (за 50 и 26 милиони евра, соодветно).




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2016 година, зголемувањето на надворешниот долг се должи на обврските и на јавниот и на приватниот сектор (за 265 и 228 милиони евра, соодветно). Доколку се исклучи ефектот од репо-трансакциите на централната банка, јавниот долг е намален за 39 милиони евра во 2017 година, додека вкупниот надворешен долг расте за 189 милиони евра.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на третиот квартал од 2017 година




Извор: НБРМ.

Од почетокот на годината бруто надворешниот долг е зголемен кај речиси сите сектори, главно кај централната банка (за 300 милиони евра) и капитално поврзаните субјекти (за 175 милиони евра), а во значајно помал обем и кај останатите сектори и секторот „држава“ (за 48 и 9 милиони евра, соодветно). Од друга страна, намалување на долгот бележиме единствено кај депозитните институции (за 39 милиони евра).




Извор: НБРМ.

На крајот на септември 2017 година, бруто надворешните побарувања изнесуваат 4.764 милиони евра, односно 46,6% од проектираниот БДП за оваа година. Во текот на третиот квартал побарувањата од нерезидентите се намалени за 14 милиони евра (или 0,3%).
Во споредба со крајот на 2016 година, бруто надворешните побарувања бележат раст од 177 милиони евра (или 3,9%).




Извор: НБРМ.

На крајот на третиот квартал на 2017 година бележиме зголемено учество на приватните бруто надворешни побарувања, како на квартална, така и на збирна основа (за 2 и 2,7 п.п., соодветно).




Извор: НБРМ.

Учеството на краткорочните побарувања во структурата на вкупните побарувања е зголемено позначително во споредба со крајот на 2016 година (за 9,7 п.п.).




Извор: НБРМ.

Најголем дел (49%) од бруто надворешните побарувања ѝ припаѓаат на централната банка. По нив, според учеството во вкупните побарувања следуваат: капитално поврзаните субјекти (19,2%), останатите сектори (18,7%) и депозитните институции (13,1%).




Извор: НБРМ.

Анализата на структурата на побарувањата врз основа на должнички инструменти покажува најголемо учество на хартиите од вредност (39,2%), по што следат трговските кредити (30,8%), валутите и депозитите (16,5%) и заемите (13,5%).




Извор: НБРМ.

Намалувањето на вкупните бруто надворешни побарувања во третиот квартал (за 14 милиони евра) главно го објаснува падот кај јавните побарувања (за 103 милиони евра), кој само делумно беше неутрализиран со растот на приватните побарувања (за 90 милиони евра). Притоа, доколку се исклучи ефектот од активностите на централната банка поврзани со управувањето со девизните резерви, јавните побарувања се пониски за 129 милиони евра, а вкупните надворешни побарувања за 39 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Кварталниот раст кај надворешните побарувања на приватниот сектор произлегува од зголемените побарувања на приватните банки и на капитално поврзаните субјекти, наспроти благиот пад кај побарувањата на небанкарскиот приватен сектор.




Извор: НБРМ.

Од аспект на институционалните сектори, кварталното намалување на вкупните бруто надворешни побарувања е главно сконцентрирано кај централната банка (за 103 милиони евра) и во помал дел кај останатите сектори (за 18 милиони евра), додека депозитните институции и капитално поврзаните субјекти бележат раст на побарувањата (за 67 и 41 милион евра, соодветно).




Извор: НБРМ.

Во споредба со крајот на 2016 година, зголемувањето на надворешните побарувања (за 177 милиони евра) во целост произлегува од приватните побарувања (за 211 милион евра), при пад кај јавните надворешни побарувања (за 35 милиони евра). Притоа, доколку се исклучи ефектот од активностите на централната банка поврзани со управување со девизните резерви, јавните побарувања се пониски за 340 милиони евра, а вкупните надворешни побарувања за 129 милиони евра.




Извор: НБРМ.

Секторски гледано, од почетокот на годината, најголем придонес за растот на вкупните надворешни побарувања имаат капитално поврзаните субјекти (со 209 милиони евра) и останатите сектори (со 33 милиони евра), додека централната банка и депозитните институции делуваат во спротивна насока (со 35 и 30 милиони евра, соодветно).




Извор:НБРМ.

Во услови на поинтензивно намалување на бруто надворешниот долг во однос на намалувањето на бруто надворешните побарувања, нето надворешниот долг на земјата во текот на третиот квартал од 2017 година е намален за 63 милиони евра (2,1%), со што достигна ниво од 2.946 милиони евра (28,8% од проектираниот БДП за оваа година). Во однос на крајот на 2016 година, нето надворешниот долг е зголемен за 317 милиони евра (12%).




Извор:НБРМ.

Приватниот нето-долг и натаму има поголемо учество во вкупниот нето-долг (53,3%). Притоа, падот на нето-задолжувањето во текот на третиот квартал главно произлегува од намалениот нето приватен долг (за 136 милиони евра), во услови кога нето-долгот на јавниот сектор се зголеми за 73 милиони евра.




Извор:НБРМ.

Од аспект на структурата на нето надворешниот долг според институционални сектори, нето-кредитори кон странство се само централната банка и депозитните институции.




Извор: НБРМ.

Негативната нето меѓународна инвестициска позиција (МИП) на 30.9.2017 година изнесува 5.971 милион евра. Во текот на третиот квартал негативната МИП, нето, е намалена за 76 милиони евра (или 0,7 п.п. од БДП).




Извор: НБРМ.

Од аспект на структурата на МИП, нето, 3/4 од нето-обврските произлегуваат од директните инвестиции, од кои 74% се нето-обврски врз основа на сопственички капитал.




Извор: НБРМ.

Кварталното намалување на негативната МИП, нето главно произлегува од намалувањето на обврските (за 70 милиони евра), надополнето со малиот раст на страната на средствата (за 6 милиони евра).




Извор: НБРМ.

Пониската негативна МИП, нето се објаснува со надолни промени на нето-обврските и врз основа на должнички и врз основа на сопственички инструменти (за 63 и 13 милиони евра, соодветно).



Извор: НБРМ.

Кварталното намалување на нето-обврските од сопственички инструменти главно е резултат на растот на нето-средствата врз основа на сопственички хартии од вредност кај портфолио-инвестиции (за 22 милиона евра), само делумно нетиран со растот на нето-обврските кај сопственичкиот капитал од директни инвестиции (за 9 милиони евра).



Извор: НБРМ.

Споредено со крајот на 2016 година, негативната МИП, нето бележи збирен раст од 395 милиони евра, во најголем дел како резултат на растот на нето надворешниот долг (за 317 милиони евра), надополнет со растот и на нето-обврските врз основа на сопственички инструменти (за 78 милиони евра).

# ПРИЛОГ-ТАБЕЛИ

Табела 1

**Бруто надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | Кв.4 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 174.0 | 198.8 | 195.8 | 134.0 | 198.7 | 168.4 | 157.7 | 148.5 | 136.1 | 142.8 | 134.6 | 174.2 | 153.8 | 204.9 | 153.4 | -51.5 | -25.1 | -20.8 | -12.0 |
| Должнички хартии од вредност | 133.3 | 277.3 | 258.9 | 202.5 | 293.8 | 152.4 | 674.4 | 755.7 | 769.6 | 790.0 | 1,308.1 | 1,277.6 | 1,310.0 | 1,354.8 | 1,359.6 | 4.9 | 0.4 | 82.1 | 6.4 |
| Заеми | 2,016.2 | 2,217.4 | 2,674.0 | 3,377.7 | 3,499.2 | 3,791.2 | 3,981.8 | 4,153.8 | 4,515.4 | 4,549.3 | 4,644.7 | 4,326.2 | 4,704.3 | 4,615.2 | 4,555.6 | -59.6 | -1.3 | 229.4 | 5.3 |
| Трговски кредити и аванси | 822.3 | 828.2 | 860.5 | 1,033.4 | 1,093.1 | 1,028.2 | 1,040.1 | 1,144.9 | 1,305.9 | 1,291.8 | 1,315.2 | 1,340.8 | 1,521.3 | 1,517.4 | 1,548.6 | 31.3 | 2.1 | 207.8 | 15.5 |
| Останати обврски | 149.2 | 187.0 | 40.1 | 20.7 | 10.3 | 6.3 | 60.0 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 4.5 | 14.6 | 14.6 | 14.6 | 14.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Специјални права на влечење | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 78.3 | 76.7 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 81.6 | 82.8 | 81.6 | 83.2 | 83.0 | 80.1 | 78.4 | -1.7 | -2.1 | -4.8 | -5.8 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,290.5** | **6,813.1** | **6,861.2** | **7,488.7** | **7,216.6** | **7,786.8** | **7,786.8** | **7,710.2** | **-76.6** | **-1.0** | **493.6** | **6.8** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,091.0 | 2,123.9 | 2,138.8 | 2,656.8 | 2,511.9 | 2,542.1 | 2,594.3 | 2,521.2 | -73.1 | -2.8 | 9.3 | 0.4 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 385.0 | 370.0 | 434.0 | 83.2 | 436.5 | 332.6 | 383.0 | 50.4 | 15.2 | 299.8 | 360.3 |
| Депозитни институции, освен централна банк | 384.1 | 468.2 | 578.8 | 564.8 | 618.8 | 609.3 | 614.4 | 585.9 | 563.3 | 565.7 | 571.6 | 591.7 | 556.3 | 609.7 | 552.8 | -57.0 | -9.3 | -38.9 | -6.6 |
| Останати сектори | 1,321.9 | 1,347.0 | 1,464.8 | 1,702.6 | 1,730.9 | 1,758.9 | 1,879.8 | 1,845.6 | 1,886.6 | 1,888.8 | 1,918.9 | 2,077.5 | 2,123.2 | 2,099.3 | 2,125.6 | 26.3 | 1.3 | 48.1 | 2.3 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 682.7 | 837.6 | 872.3 | 804.2 | 997.9 | 1,169.4 | 1,294.2 | 1,684.7 | 1,854.3 | 1,898.0 | 1,907.4 | 1,952.2 | 2,128.8 | 2,150.8 | 2,127.6 | -23.2 | -1.1 | 175.4 | 9.0 |
| **Бруто надворешен долг** | **3,304.2** | **3,780.4** | **4,105.7** | **4,846.6** | **5,171.7** | **5,219.7** | **5,992.3** | **6,290.5** | **6,813.1** | **6,861.2** | **7,488.7** | **7,216.6** | **7,786.8** | **7,786.8** | **7,710.2** | **-76.6** | **-1.0** | **493.6** | **6.8** |
| **Бруто надворешен долг/БДП %** | **48.8** | **55.9** | **57.8** | **64.2** | **68.2** | **64.0** | **70.0** | **69.3** | **70.1** | **70.6** | **77.0** | **74.2** | **76.2** | **76.2** | **75.5** | | -0.7 | | 1.3 |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО*** | ***3,304.2*** | ***3,780.4*** | ***4,105.7*** | ***4,614.1*** | ***5,014.1*** | ***5,219.7*** | ***5,992.3*** | ***6,290.5*** | ***6,509.8*** | ***6,574.0*** | ***7,136.3*** | ***7,216.6*** | ***7,433.3*** | ***7,534.2*** | **7,405.6** | **-128.7** | **-1.7** | **189.0** | **2.6** |
| ***Бруто надворешен долг без РЕПО/БДП*** | ***48.8*** | ***55.9*** | ***57.8*** | ***61.2*** | ***66.1*** | ***64.0*** | ***70.0*** | ***69.3*** | ***67.0*** | ***67.6*** | ***73.4*** | ***74.2*** | ***72.8*** | ***73.8*** | **72.5** | | -1.3 | | -1.7 |
| Долгорочен долг | 2,141.6 | 2,538.1 | 2,958.8 | 3,450.6 | 3,677.5 | 4,002.8 | 4,654.6 | 4,949.5 | 5,009.4 | 5,046.4 | 5,586.6 | 5,633.9 | 5,701.6 | 5,733.1 | 5,607.6 | -125.5 | -2.2 | -26.3 | -0.5 |
| Краткорочен долг | 1,162.6 | 1,242.2 | 1,146.9 | 1,396.0 | 1,494.1 | 1,216.9 | 1,337.7 | 1,341.0 | 1,803.7 | 1,814.8 | 1,902.1 | 1,582.7 | 2,085.3 | 2,053.7 | 2,102.6 | 49.0 | 2.4 | 520.0 | 32.9 |
| Долгорочен долг% | 64.8 | 67.1 | 72.1 | 71.2 | 71.1 | 76.7 | 77.7 | 78.7 | 73.5 | 73.6 | 74.6 | 78.1 | 73.2 | 73.6 | 72.7 | | -0.9 | | -5.3 |
| Краткорочен долг% | 35.2 | 32.9 | 27.9 | 28.8 | 28.9 | 23.3 | 22.3 | 21.3 | 26.5 | 26.4 | 25.4 | 21.9 | 26.8 | 26.4 | 27.3 | | 0.9 | | 5.3 |
| Долгорочен долг/БДП % | 31.6 | 37.5 | 41.6 | 45.7 | 48.5 | 49.1 | 54.4 | 54.6 | 51.5 | 51.9 | 57.5 | 57.9 | 55.8 | 56.1 | 54.9 | | -1.2 | | -3.0 |
| Краткорочен долг/БДП % | 17.2 | 18.4 | 16.1 | 18.5 | 19.7 | 14.9 | 15.6 | 14.8 | 18.6 | 18.7 | 19.6 | 16.3 | 20.4 | 20.1 | 20.6 | | 0.5 | | 4.3 |
| **Јавен долг** | **1,109.9** | **1,324.9** | **1,424.8** | **2,061.1** | **2,162.1** | **2,172.4** | **2,846.8** | **2,933.7** | **3,279.1** | **3,282.8** | **3,890.9** | **3,445.3** | **3,819.9** | **3,741.0** | **3,710.6** | **-30.4** | **-0.8** | **265.2** | **7.7** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,113.4 | 1,464.2 | 1,589.8 | 1,608.9 | 2,125.6 | 2,091.0 | 2,123.9 | 2,138.8 | 2,656.8 | 2,511.9 | 2,542.1 | 2,594.3 | 2,521.2 | -73.1 | -2.8 | 9.3 | 0.4 |
| Централна банка | 9.2 | 71.7 | 76.4 | 310.8 | 234.2 | 73.2 | 78.2 | 83.2 | 385.0 | 370.0 | 434.0 | 83.2 | 436.5 | 332.6 | 383.0 | 50.4 | 15.2 | 299.8 | 360.3 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 759.4 | 770.3 | 774.1 | 800.0 | 850.2 | 841.3 | 814.0 | 806.3 | -7.7 | -0.9 | -43.8 | -5.2 |
| **Приватен долг** | **2,194.2** | **2,455.5** | **2,680.9** | **2,785.5** | **3,009.5** | **3,047.4** | **3,145.5** | **3,356.9** | **3,534.0** | **3,578.4** | **3,597.8** | **3,771.2** | **3,967.0** | **4,045.8** | **3,999.7** | **-46.1** | **-1.1** | **228.4** | **6.1** |
| Јавен долг% | 33.6 | 35.0 | 34.7 | 42.5 | 41.8 | 41.6 | 47.5 | 46.6 | 48.1 | 47.8 | 52.0 | 47.7 | 49.1 | 48.0 | 48.1 | | 0.1 | | 0.4 |
| Приватен долг% | 66.4 | 65.0 | 65.3 | 57.5 | 58.2 | 58.4 | 52.5 | 53.4 | 51.9 | 52.2 | 48.0 | 52.3 | 50.9 | 52.0 | 51.9 | | -0.1 | | -0.4 |
| Јавен долг/БДП % | 16.4 | 19.6 | 20.0 | 27.3 | 28.5 | 26.7 | 33.2 | 32.3 | 33.7 | 33.8 | 40.0 | 35.4 | 37.4 | 36.6 | 36.3 | | -0.3 | | 0.9 |
| Приватен долг/БДП % | 32.4 | 36.3 | 37.7 | 36.9 | 39.7 | 37.4 | 36.7 | 37.0 | 36.3 | 36.8 | 37.0 | 38.8 | 38.8 | 39.6 | 39.2 | | -0.5 | | 0.4 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2016 година е претходен (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 29.9.2017). Податокот за 2017 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ, ДЗС.

Табела 2

**Бруто надворешни побарувања***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | Кв.4 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | 628.5 | 937.9 | 903.1 | 995.2 | 961.3 | 711.6 | 896.5 | 900.8 | 901.4 | 770.8 | 791.3 | 891.4 | 1,015.7 | 909.0 | 784.5 | -124.6 | -13.7 | -107.0 | -12.0 |
| Должнички хартии од вредност | 1,114.7 | 901.2 | 1,139.7 | 1,394.3 | 1,492.2 | 1,627.7 | 1,943.7 | 1,773.3 | 1,744.1 | 1,668.9 | 2,181.6 | 2,122.6 | 1,841.8 | 1,805.6 | 1,865.6 | 60.0 | 3.3 | -257.0 | -12.1 |
| Заеми | 66.2 | 133.7 | 271.1 | 561.2 | 629.1 | 494.5 | 286.7 | 244.8 | 580.2 | 556.4 | 614.8 | 258.4 | 756.4 | 636.4 | 643.1 | 6.6 | 1.0 | 384.7 | 148.9 |
| Трговски кредити и аванси | 551.1 | 490.4 | 640.7 | 779.4 | 788.8 | 865.9 | 1,014.5 | 1,113.7 | 1,244.5 | 1,332.4 | 1,326.2 | 1,309.2 | 1,352.6 | 1,421.8 | 1,466.4 | 44.6 | 3.1 | 157.2 | 12.0 |
| Останати побарувања | 31.0 | 34.8 | 0.5 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 2.0 | 2.0 | 0.6 | 0.7 | 0.6 | 0.7 | 0.3 | 0.2 | -0.1 | -26.8 | -0.4 | -65.5 |
| Специјални права на влечење | 1.0 | 63.5 | 0.9 | 0.6 | 1.2 | 3.3 | 4.3 | 4.8 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 4.7 | 4.4 | 4.2 | -0.2 | -4.5 | -0.5 | -10.6 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,039.4** | **4,477.0** | **4,333.8** | **4,919.2** | **4,587.0** | **4,971.9** | **4,777.6** | **4,764.0** | **-13.6** | **-0.3** | **177.0** | **3.9** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 15.1 | 9.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,049.0 | 2,331.2 | 2,186.1 | 2,793.1 | 2,370.2 | 2,660.6 | 2,438.9 | 2,335.7 | -103.2 | -4.2 | -34.5 | -1.5 |
| Депозитни институции, освен централна банка | 390.6 | 496.8 | 572.8 | 603.1 | 572.7 | 557.8 | 641.1 | 641.4 | 634.1 | 554.6 | 544.4 | 653.2 | 582.5 | 556.3 | 623.0 | 66.8 | 12.0 | -30.1 | -4.6 |
| Останати сектори | 507.0 | 440.2 | 571.8 | 722.3 | 712.8 | 761.3 | 875.1 | 799.6 | 836.9 | 898.0 | 851.0 | 857.6 | 901.9 | 908.3 | 890.1 | -18.2 | -2.0 | 32.6 | 3.8 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 133.3 | 194.6 | 282.9 | 323.6 | 487.4 | 538.8 | 360.3 | 534.4 | 665.4 | 695.1 | 730.8 | 706.0 | 826.9 | 874.1 | 915.1 | 41.0 | 4.7 | 209.0 | 29.6 |
| **Бруто надворешни побарувања** | **2,392.5** | **2,561.4** | **2,956.1** | **3,730.7** | **3,872.6** | **3,704.5** | **4,147.2** | **4,039.4** | **4,477.0** | **4,333.8** | **4,919.2** | **4,587.0** | **4,971.9** | **4,777.6** | **4,764.0** | **-13.6** | **-0.3** | **177.0** | **3.9** |
| **Бруто надворешни побарувања/БДП %** | **35.3** | **37.9** | **41.6** | **49.5** | **51.1** | **45.5** | **48.4** | **44.5** | **46.0** | **44.6** | **50.6** | **47.2** | **48.7** | **46.8** | **46.6** | | **-0.1** | | **-0.5** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо*** | ***2,392.5*** | ***2,561.4*** | ***2,956.1*** | ***3,497.6*** | ***3,736.6*** | ***3,704.5*** | ***4,147.2*** | ***4,039.4*** | ***4,173.6*** | ***4,046.6*** | ***4,566.1*** | ***4,587.0*** | ***4,590.0*** | ***4,497.5*** | ***4,458.3*** | **-39.2** | **-0.9** | **-128.6** | **-2.8** |
| ***Бруто надворешни побарувања без обратни репо/БДП %*** | ***35.3*** | ***37.9*** | ***41.6*** | ***46.4*** | ***49.3*** | ***45.5*** | ***48.4*** | ***44.5*** | ***42.9*** | ***41.6*** | ***47.0*** | ***47.2*** | ***44.9*** | ***44.0*** | ***43.7*** | | **-0.4** | | **-3.5** |
| Долгорочни побарувања | 1,199.2 | 1,087.9 | 1,352.6 | 1,655.3 | 1,898.6 | 2,093.4 | 2,235.6 | 2,024.7 | 1,989.9 | 1,915.1 | 2,373.3 | 2,284.6 | 2,073.8 | 1,928.3 | 1,908.8 | -19.4 | -1.0 | -375.8 | -16.4 |
| Краткорочни побарувања | 1,193.3 | 1,473.5 | 1,603.4 | 2,075.4 | 1,974.0 | 1,611.1 | 1,911.6 | 2,014.7 | 2,487.1 | 2,418.8 | 2,545.9 | 2,302.4 | 2,898.1 | 2,849.3 | 2,855.1 | 5.8 | 0.2 | 552.7 | 24.0 |
| Долгорочни побарувања% | 50.1 | 42.5 | 45.8 | 44.4 | 49.0 | 56.5 | 53.9 | 50.1 | 44.4 | 44.2 | 48.2 | 49.8 | 41.7 | 40.4 | 40.1 | | -0.3 | | -9.7 |
| Краткорочни побарувања% | 49.9 | 57.5 | 54.2 | 55.6 | 51.0 | 43.5 | 46.1 | 49.9 | 55.6 | 55.8 | 51.8 | 50.2 | 58.3 | 59.6 | 59.9 | | 0.3 | | 9.7 |
| Долгорочни побарувања/БДП % | 17.7 | 16.1 | 19.0 | 21.9 | 25.0 | 25.7 | 26.1 | 22.3 | 20.5 | 19.7 | 24.4 | 23.5 | 20.3 | 18.9 | 18.7 | | -0.2 | | -4.8 |
| Краткорочни побарувања/БДП % | 17.6 | 21.8 | 22.6 | 27.5 | 26.0 | 19.8 | 22.3 | 22.2 | 25.6 | 24.9 | 26.2 | 23.7 | 28.4 | 27.9 | 28.0 | | 0.1 | | 4.3 |
| **Јавни побарувања** | **1,361.5** | **1,429.8** | **1,528.4** | **2,081.7** | **2,099.8** | **1,846.6** | **2,270.6** | **2,064.1** | **2,340.6** | **2,186.1** | **2,793.1** | **2,370.2** | **2,660.6** | **2,438.9** | **2,335.7** | **-103.2** | **-4.2** | **-34.5** | **-1.5** |
| Држава | 0.0 | 0.0 | 45.6 | 46.8 | 45.9 | 43.9 | 49.8 | 15.1 | 9.3 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| Централна банка | 1,361.5 | 1,429.8 | 1,482.8 | 2,034.9 | 2,053.8 | 1,802.7 | 2,220.8 | 2,049.0 | 2,331.2 | 2,186.1 | 2,793.1 | 2,370.2 | 2,660.6 | 2,438.9 | 2,335.7 | -103.2 | -4.2 | -34.5 | -1.5 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | | | | |
| **Приватен побарувања** | **1,030.9** | **1,131.6** | **1,427.6** | **1,649.0** | **1,772.9** | **1,857.9** | **1,876.5** | **1,975.3** | **2,136.4** | **2,147.8** | **2,126.1** | **2,216.7** | **2,311.3** | **2,338.7** | **2,428.2** | **89.6** | **3.8** | **211.5** | **9.5** |
| Јавни побарувања% | 56.9 | 55.8 | 51.7 | 55.8 | 54.2 | 49.8 | 54.8 | 51.1 | 52.3 | 50.4 | 56.8 | 51.7 | 53.5 | 51.0 | 49.0 | | -2.0 | | -2.6 |
| Приватни побарувања% | 43.1 | 44.2 | 48.3 | 44.2 | 45.8 | 50.2 | 45.2 | 48.9 | 47.7 | 49.6 | 43.2 | 48.3 | 46.5 | 49.0 | 51.0 | | 2.0 | | 2.6 |
| Јавни побарувања/БДП % | 20.1 | 21.1 | 21.5 | 27.6 | 27.7 | 22.7 | 26.5 | 22.8 | 24.1 | 22.5 | 28.7 | 24.4 | 26.0 | 23.9 | 22.9 | | -1.0 | | -1.5 |
| Приватни побарувања/БДП % | 15.2 | 16.7 | 20.1 | 21.9 | 23.4 | 22.8 | 21.9 | 21.8 | 22.0 | 22.1 | 21.9 | 22.8 | 22.6 | 22.9 | 23.8 | | 0.9 | | 1.0 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2016 година е претходен (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 29.9.2017). Податокот за 2017 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ, ДЗС.

Табела 3

**Нето надворешен долг***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 | Кв.1 2016 | Кв.2 2016 | Кв.3 2016 | Кв.4 2016 | Кв.1 2017 | Кв.2 2017 | Кв.3 2017 | квартална промена | | промена во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инструменти | | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/п.п. | во мил. евра | во %/п.п. |
| Валути и депозити | -454.5 | -739.2 | -707.3 | -861.1 | -762.6 | -543.2 | -738.8 | -752.3 | -765.3 | -628.0 | -656.7 | -717.2 | -861.9 | -704.1 | -631.1 | 73.1 | -10.4 | 86.1 | -12.0 |
| Должнички хартии од вредност | -981.4 | -623.9 | -880.8 | -1,191.8 | -1,198.4 | -1,475.3 | -1,269.3 | -1,017.6 | -974.5 | -878.9 | -873.5 | -845.0 | -531.8 | -450.9 | -505.9 | -55.1 | 12.2 | 339.1 | -40.1 |
| Заеми | 1,949.9 | 2,083.8 | 2,402.9 | 2,816.5 | 2,870.0 | 3,296.8 | 3,695.1 | 3,909.0 | 3,935.2 | 3,992.9 | 4,030.0 | 4,067.8 | 3,947.9 | 3,978.7 | 3,912.5 | -66.2 | -1.7 | -155.3 | -3.8 |
| Трговски кредити и аванси | 271.2 | 337.8 | 219.7 | 253.9 | 304.3 | 162.3 | 25.7 | 31.1 | 61.4 | -40.6 | -11.0 | 31.6 | 168.7 | 95.6 | 82.2 | -13.3 | -14.0 | 50.7 | 160.5 |
| Останати обврски | 118.2 | 152.2 | 39.6 | 20.7 | 10.3 | 4.8 | 58.5 | 2.5 | 2.4 | 3.9 | 3.7 | 14.0 | 13.8 | 14.3 | 14.4 | 0.1 | 0.5 | 0.4 | 2.7 |
| Специјални права на влечење | 8.2 | 8.2 | 75.5 | 77.7 | 75.5 | 69.9 | 73.9 | 78.4 | 77.0 | 78.0 | 77.0 | 78.5 | 78.3 | 75.6 | 74.2 | -1.5 | -1.9 | -4.3 | -5.5 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **2,251.2** | **2,336.2** | **2,527.4** | **2,569.5** | **2,629.6** | **2,814.9** | **3,009.2** | **2,946** | **-63.0** | **-2.1** | **316.7** | **12.0** |
| Сектори | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 2,075.9 | 2,114.6 | 2,138.8 | 2,656.8 | 2,511.9 | 2,542.1 | 2,594.3 | 2,521.2 | -73.1 | -2.8 | 9.3 | 0.4 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -1,965.8 | -1,946.3 | -1,816.1 | -2,359.0 | -2,287.0 | -2,224.1 | -2,106.3 | -1,952.7 | 153.6 | -7.3 | 334.3 | -14.6 |
| Депозитни институции, освен централна | -6.6 | -28.6 | 5.9 | -38.3 | 46.1 | 51.5 | -26.7 | -55.4 | -70.7 | 11.1 | 27.2 | -61.5 | -26.2 | 53.5 | -70.3 | -123.7 | -231.4 | -8.8 | 14.3 |
| Останати сектори | 814.9 | 906.8 | 893.0 | 980.3 | 1,018.1 | 997.6 | 1,004.7 | 1,046.1 | 1,049.7 | 990.7 | 1,067.9 | 1,220.0 | 1,221.3 | 1,191.0 | 1,235.5 | 44.5 | 3.7 | 15.5 | 1.3 |
| Директни инвестиции, заеми меѓу поврзани субјекти | 549.4 | 643.0 | 589.4 | 480.6 | 510.6 | 630.6 | 933.9 | 1,150.4 | 1,188.9 | 1,202.8 | 1,176.5 | 1,246.2 | 1,301.8 | 1,276.7 | 1,212.6 | -64.2 | -5.0 | -33.6 | -2.7 |
| **Нето надворешен долг** | **911.7** | **1,218.9** | **1,149.7** | **1,115.9** | **1,299.1** | **1,515.2** | **1,845.1** | **2,251.2** | **2,336.2** | **2,527.4** | **2,569.5** | **2,629.6** | **2,814.9** | **3,009.2** | **2,946.3** | **-63.0** | **-2.1** | **316.7** | **12.0** |
| **Нето надворешен долг/БДП %** | **13.5** | **18.0** | **16.2** | **14.8** | **17.1** | **18.6** | **21.5** | **24.8** | **24.0** | **26.0** | **26.4** | **27.0** | **27.6** | **29.5** | **28.8** | | **-0.6** | | **1.8** |
| Долгорочен нето долг | 942.4 | 1,450.2 | 1,606.2 | 1,795.3 | 1,778.9 | 1,909.4 | 2,419.1 | 2,924.9 | 3,019.6 | 3,131.4 | 3,213.3 | 3,349.3 | 3,627.8 | 3,804.8 | 3,698.8 | -106.1 | -2.8 | 349.5 | 10.4 |
| Краткорочен нето долг | -30.7 | -231.3 | -456.5 | -679.4 | -479.8 | -394.2 | -574.0 | -673.7 | -683.4 | -604.0 | -643.8 | -719.7 | -812.9 | -795.6 | -752.5 | 43.1 | -5.4 | -32.8 | 4.6 |
| Долгорочен нето долг% | 103.4 | 119.0 | 139.7 | 160.9 | 136.9 | 126.0 | 131.1 | 129.9 | 129.3 | 123.9 | 125.1 | 127.4 | 128.9 | 126.4 | 125.5 | | -0.9 | | -1.8 |
| Краткорочен нето долг% | -3.4 | -19.0 | -39.7 | -60.9 | -36.9 | -26.0 | -31.1 | -29.9 | -29.3 | -23.9 | -25.1 | -27.4 | -28.9 | -26.4 | -25.5 | | 0.9 | | 1.8 |
| Долгорочен нето долг/БДП % | 13.9 | 21.4 | 22.6 | 23.8 | 23.5 | 23.4 | 28.3 | 32.2 | 31.1 | 32.2 | 33.0 | 34.4 | 35.5 | 37.3 | 36.2 | | -1.0 | | 1.8 |
| Краткорочен нето долг/БДП % | -0.5 | -3.4 | -6.4 | -9.0 | -6.3 | -4.8 | -6.7 | -7.4 | -7.0 | -6.2 | -6.6 | -7.4 | -8.0 | -7.8 | -7.4 | | 0.4 | | 0.0 |
| **Јавен нето долг** | **-251.6** | **-104.9** | **-103.6** | **-20.6** | **62.4** | **325.8** | **576.1** | **869.6** | **938.6** | **1,096.8** | **1,097.8** | **1,075.1** | **1,159.3** | **1,302.1** | **1,374.8** | **72.8** | **5.6** | **299.7** | **27.9** |
| Држава | 906.3 | 1,055.8 | 1,067.8 | 1,417.4 | 1,543.9 | 1,565.0 | 2,075.8 | 2,075.9 | 2,114.6 | 2,138.8 | 2,656.8 | 2,511.9 | 2,542.1 | 2,594.3 | 2,521.2 | -73.1 | -2.8 | 9.3 | 0.4 |
| Централна банка | -1,352.4 | -1,358.1 | -1,406.4 | -1,724.1 | -1,819.6 | -1,729.5 | -2,142.7 | -1,965.8 | -1,946.3 | -1,816.1 | -2,359.0 | -2,287.0 | -2,224.1 | -2,106.3 | -1,952.7 | 153.6 | -7.3 | 334.3 | -14.6 |
| Јавни банки и јавни претпријатија | 194.5 | 197.3 | 235.0 | 286.0 | 338.1 | 490.3 | 643.0 | 759.4 | 770.3 | 774.1 | 800.0 | 850.2 | 841.3 | 814.0 | 806.3 | -7.7 | -0.9 | -43.8 | -5.2 |
| **Приватен нето долг** | **1,163.3** | **1,323.9** | **1,253.3** | **1,136.5** | **1,236.7** | **1,189.5** | **1,268.9** | **1,381.6** | **1,397.6** | **1,430.6** | **1,471.6** | **1,554.5** | **1,655.6** | **1,707.1** | **1,571.4** | **-135.7** | **-7.9** | **16.9** | **1.1** |
| Јавен нето долг% | -27.6 | -8.6 | -9.0 | -1.8 | 4.8 | 21.5 | 31.2 | 38.6 | 40.2 | 43.4 | 42.7 | 40.9 | 41.2 | 43.3 | 46.7 | | 3.4 | | 5.8 |
| Приватен нето долг% | 127.6 | 108.6 | 109.0 | 101.8 | 95.2 | 78.5 | 68.8 | 61.4 | 59.8 | 56.6 | 57.3 | 59.1 | 58.8 | 56.7 | 53.3 | | -3.4 | | -5.8 |
| Јавен нето долг/БДП % | -3.7 | -1.6 | -1.5 | -0.3 | 0.8 | 4.0 | 6.7 | 9.6 | 9.7 | 11.3 | 11.3 | 11.1 | 11.4 | 12.7 | 13.5 | | 0.7 | | 2.4 |
| Приватен нето долг/БДП % | 17.2 | 19.6 | 17.6 | 15.1 | 16.3 | 14.6 | 14.8 | 15.2 | 14.4 | 14.7 | 15.1 | 16.0 | 16.2 | 16.7 | 15.4 | | -1.3 | | -0.6 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2016 година е претходен (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република Македонија" од 29.9.2017). Податокот за 2017 година е проекција на НБРМ.

Извор: НБРМ, ДЗС.

# Информација за надворешниот долг и меѓународната инвестициска позиција на Република Македонија на крајот на третиот квартал од 2017 година

Табела 4

**Меѓународна инвестициска позиција***

(милиони евра)

| | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 | 2014 | Кв.1-2015 | Кв.2-2015 | Кв.3-2015 | Кв.4-2015 | Кв.1-2016 | Кв.2-2016 | Кв.3-2016 | Кв.4-2016 | Кв.1-2017 | Кв.2-2017 | Кв.3-2017 | квартална промена | | во однос на крај на претходна година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | во мил. евра | во %/ п.п. | во мил. евра | во %/ п.п. |
| **МИП-нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,549.0** | **-4,655.4** | **-4,778.6** | **-4,821.0** | **-5,082.7** | **-5,182.0** | **-5,394.8** | **-5,472.8** | **-5,576.0** | **-5,850.0** | **-6,047.3** | **-5,971.0** | **76.2** | **-1.3** | **-395.1** | **7.1** |
| Средства | 2,579.8 | 2,785.5 | 3,258.4 | 4,113.2 | 4,257.5 | 4,082.5 | 4,634.0 | 4,899.4 | 4,915.0 | 4,826.5 | 4,571.9 | 5,036.8 | 4,913.8 | 5,505.0 | 5,171.3 | 5,574.3 | 5,384.4 | 5,390.6 | 6.3 | 0.1 | 219.4 | 4.2 |
| Обврски | 5,844.9 | 6,398.0 | 6,887.9 | 8,079.0 | 8,435.1 | 8,640.8 | 9,183.0 | 9,554.8 | 9,693.6 | 9,647.5 | 9,654.6 | 10,218.8 | 10,308.6 | 10,977.7 | 10,747.3 | 11,424.3 | 11,431.7 | 11,361.7 | -70.0 | -0.6 | 614.4 | 5.7 |
| **МИП-нето/БДП (%)** | **-48.2** | **-53.4** | **-51.1** | **-52.6** | **-55.1** | **-55.9** | **-53.1** | **-51.3** | **-52.7** | **-53.1** | **-56.0** | **-53.3** | **-55.5** | **-56.3** | **-57.3** | **-57.3** | **-59.2** | **-58.5** | | **0.7** | | **-1.1** |
| *Сектори* | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| МИП, нето-држава | -906.3 | -1,055.8 | -1,067.8 | -1,417.4 | -1,539.9 | -1,561.0 | -2,071.9 | -1,965.4 | -1,930.7 | -1,950.8 | -2,072.0 | -2,110.6 | -2,134.8 | -2,652.9 | -2,508.0 | -2,538.1 | -2,590.4 | -2,517.2 | 73.1 | -2.8 | -9.3 | 0.4 |
| МИП, нето-централна банка | 1,486.9 | 1,526.7 | 1,638.8 | 1,991.8 | 2,095.8 | 1,920.4 | 2,358.9 | 2,272.0 | 2,172.6 | 2,105.5 | 2,179.2 | 2,185.4 | 2,076.7 | 2,618.7 | 2,530.9 | 2,480.5 | 2,348.1 | 2,194.6 | -153.5 | -6.5 | -336.3 | -13.3 |
| МИП, нето-депозитни институции освен централната банка | -363.9 | -361.5 | -416.8 | -420.6 | -536.6 | -580.1 | -534.5 | -553.4 | -586.6 | -553.7 | -541.2 | -534.6 | -624.7 | -654.5 | -574.3 | -609.1 | -688.1 | -566.7 | 121.3 | -17.6 | 7.6 | -1.3 |
| МИП, нето-останати сектори | -3,481.8 | -3,721.9 | -3,783.8 | -4,119.5 | -4,196.8 | -4,337.6 | -4,301.6 | -4,408.6 | -4,433.9 | -4,422.0 | -4,648.7 | -4,722.3 | -4,712.0 | -4,784.1 | -5,024.6 | -5,183.3 | -5,116.9 | -5,081.7 | 35.2 | -0.7 | -57.1 | 1.1 |
| **МИП, нето** | **-3,265.1** | **-3,612.5** | **-3,629.5** | **-3,965.8** | **-4,177.6** | **-4,558.4** | **-4,549.0** | **-4,655.4** | **-4,778.6** | **-4,821.0** | **-5,082.7** | **-5,182.0** | **-5,394.8** | **-5,472.8** | **-5,576.0** | **-5,850.0** | **-6,047.3** | **-5,971.0** | **76.2** | **-1.3** | **-395.1** | **7.1** |
| Директни инвестиции, нето | -2,907.9 | -3,074.7 | -3,181.3 | -3,520.8 | -3,613.3 | -3,867.9 | -3,902.7 | -4,059.4 | -4,098.3 | -4,080.5 | -4,296.3 | -4,381.9 | -4,442.8 | -4,463.6 | -4,580.3 | -4,735.1 | -4,712.9 | -4,657.7 | 55.2 | -1.2 | -77.4 | 1.7 |
| Портфолио инвестиции, нето | -260.5 | -405.5 | -372.7 | -279.2 | -345.2 | -145.5 | -621.7 | -610.3 | -579.9 | -567.9 | -636.2 | -644.5 | -658.3 | -1,162.1 | -1,107.0 | -1,137.0 | -1,169.3 | -1,151.1 | 18.2 | -1.6 | -44.1 | 4.0 |
| Финансиски деривати (освен резервите) и опции на вработените за купување акции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Останат сопственички капитал, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | -3.2 | -3.5 | -3.4 | -3.4 | -3.4 | -3.4 | -3.7 | -4.1 | -4.5 | -4.9 | -4.9 | -5.2 | -5.2 | 0.0 | 0.1 | -0.3 | 6.1 |
| Валути и депозити, нето | 209.2 | 274.4 | 359.3 | 454.1 | 338.3 | 371.6 | 466.0 | 463.2 | 431.8 | 461.8 | 467.0 | 473.5 | 387.8 | 386.2 | 453.1 | 404.1 | 332.0 | 446.4 | 114.4 | 34.5 | -6.7 | -1.5 |
| Заеми, нето | -1,540.9 | -1,608.8 | -1,942.1 | -2,465.8 | -2,525.4 | -2,791.8 | -2,926.3 | -2,828.0 | -2,823.9 | -2,867.3 | -2,894.7 | -2,931.2 | -2,937.3 | -2,966.9 | -2,962.6 | -2,927.6 | -2,913.9 | -2,849.6 | 64.3 | -2.2 | 113.0 | -3.8 |
| Шеми за осигурителни, пензиски и стандардизирани гаранции, нето | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 0.0 |
| Трговски кредити и аванси, нето | -170.5 | -229.1 | -130.8 | -144.8 | -148.7 | -42.9 | 79.4 | 109.4 | 121.5 | 129.5 | 100.7 | 119.3 | 183.6 | 120.3 | 94.9 | 98.4 | 101.8 | 52.9 | -48.9 | -48.0 | -42.0 | -44.2 |
| Останати сметки за наплата/плаќање, нето | -80.3 | -94.6 | 0.0 | 0.0 | 0.0 | 1.4 | 1.5 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.7 | 1.8 | 0.3 | 0.5 | 0.5 | 0.6 | 0.2 | 0.1 | -0.1 | -38.3 | -0.4 | -76.2 |
| Девизни резерви | 1,494.9 | 1,597.5 | 1,714.5 | 2,068.9 | 2,193.3 | 1,993.0 | 2,436.5 | 2,354.8 | 2,254.8 | 2,187.4 | 2,261.8 | 2,266.3 | 2,158.8 | 2,699.0 | 2,613.4 | 2,534.4 | 2,399.9 | 2,271.4 | -128.6 | -5.4 | -342.1 | -13.1 |
| Специјални права на влечење, нето | -9.2 | -71.7 | -76.4 | -78.3 | -76.7 | -73.2 | -78.2 | -83.5 | -82.9 | -82.2 | -83.2 | -81.6 | -82.8 | -81.6 | -83.2 | -83.0 | -80.1 | -78.4 | 1.7 | -2.1 | 4.8 | -5.8 |

*/Податокот за бруто домашниот производ (БДП) за 2016 година е претходен (извор: ДЗС, соопштение „Бруто домашен производ на Република на Македонија" од 29.9.2017). Податокот за 2017 година е проекција на НБРМ.

Извор:НБРМ, ДЗС.